Амалија ЈОВАНОВИЌ

# МАРКСИСТИЧКИ ПРИСТАП ЗА ИЗУЧУВАЊЕТО НА РАЗВИТОКОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО

Класиците на марксизмот не оформиле конзистентно сфаќање за населението, иако во нивните дела срекаваме низа размислувања за населението и за законитостите на развитокот на населението, но пред сè како дополнување на нивното економско учење. Поради тоа од демографската гледна точка нивниот придонес за развитокот на населението се базира врз проучувањето на парцијалните текстови од нивните дела, во кои тие зборуваат за населението. Без оглед на тоа не се намалува нивното значење за теоретскиот и методолошкиот пристап кон изучувањето на развитокот на населението.[1])

Во времето на Маркс демографијата како наука ги добивала своите конституитивни форми и како таква сè уште не постоела. Не само тоа, демографската ситуација во светот била поинаква. Пренаселеноста на светот во тоа време не претставувала актуелен проблем. Тогаш земјата броела околу една и пол милијарда жители. Малтусовиот песимистички став за апсолутната пренаселеност на земјата поради тенденцијата на населението да се множи побрзо од средствата за животот, Маркс го отфрли како апсурден, бидејќи не гледал причина зошто техничкиот напредок во производството на храна не би можел да се движи со истото темпо како и другите подрачја на производството. При тоа треба да се обрне внимание и на критичкиот став во врска со истакнувањето само на потрошувачкото својство на населението присутно кај Малтус. Имено, со порастот на населението се зголемува и оној дел на населението кој дава и

[1]) Под развитокот на населението овдека се мисли пред сè на природното движење на населението, иако во определба на предметот на демографијата под развитокот на накелението се подразбира „... движење на населението како резултанта на наталитетот, морталитетот и преселувањето и промените во структурите на населението кое се состои од биолошките, социјалните и интелектуалните елементи“.
Macura d-r Miloš: Razmišljanje povodom osnova demografske teorije, Stanovništvo, br. 1, 1966, 5-25.

обезбедува нови можности за опстанок на населението, а тоа е неговиот производствен дел, работната сила. А, бедатата и сиромаштијата на населението не се резултат на зголемувањето на природниот прираст на населението, туку на акумулација на капиталот.

И Енгелс и Кауцки во својата преписка кон крајот на 19-тото столетие стравот од пренаселеноста го сметаат за неоснован за тогашното време иако оставаат извесни резерви во поглед на демографската ситуација во светот за догледно време (н. пр. за околу 500 години).[2] Таквата нивна оценка е заснована врз тогашниот природен прираст на населението, кој бил доста низок сè до почетокот на нашето столетие. Всушност бројот на населението во светот речиси стагнира во првите 800 години во нашата ера, за да би почнал благо да се зголемува до 1650 година кога започнува побрз пораст на населението, а осетно да се зголемува по 1930 година, односно 1950, кога бележи многу брз пораст.[3] Таквиот пораст не само што не бил очекуван туку бележи и радикален пресврт. Сè до 1920 година економски развиените земји имале поголем пораст на населението од неразвиените, а оттогаш односот се менува и населението не само што има двапати поголема стапка на порастот туку и го забрзува порастот во однос на развиените земји.[4])

Таквата демографска ситуација на демографската теорија ѝ ја наметнува задачата за објаснувањето на причините што довеле до неа, за објаснувањето на долгорочните текови и закономерности во развитокот на населението, како и утврдувањето на основите на понатамошниот развиток на населението и начинот на решавањето на низа комплексни општествени проблеми и спротивности во современиот свет, кои произлегуваат од неа. На една страна се среќаваме со проблеми за обезбедување на најелементарни услови за човековата биолошка егзистенција посебно во заостанатите аграрни земји на друга страна во економски развиените индустриски земји со проблемите на депопулацијата при истовремено условно речено „економско изобилие”. Но, „Кога светот би претставувал една целина во која меѓу неговите делови преселувањето би било слободно, брзиот раст на населението за догледно време не би претставувал сериозен проб-

---

2. Krašovec d-r Stane: Razvitak marksističkog pristupa teoriji i politici populacije, vo knigata: Društveni položaj žene i razvoj porodice u socijalističkom samoupravnom društvu, Komunist, Ljubljana, 1979, 70.

3) Wertheimer-Baletić Alica: Demografija, stanovništvo i ekonomski razvoj, Informator, Zagreb, 1973, 66.

4) Истото, 67, Табела бр. 2 и Крашовец стане: Чловештво, крух, лакота, ДЗС, Љубљана, 1970, 115.

лем. Меѓутоа, односот на населението и производството мора да се разгледува во националните и регионалните рамки, а нерамномерноста во развитокот на различните подрачја на светот доведува и до различните услови на демографскиот развој"[5])

Во рамките на демографската теорија и практика таквата демографска ситуација дава основа за актуализирање на две често присутни сфаќања: на една страна неомалтузијанските теории и теориите за маѓепсаниот круг на сиромаштијата", според кои демографскиот пат е единствен начин за развитокот на населението, стопанството и општеството, и од друга страна сфаќањето, дека процесите на индустријализацијата и урбанизацијата ќе ја доведат во опасност не само проширената туку и едноставната репродукција на населението[6]).

Всушност, и теоријата на демографската транзиција, која е доста широко прифатена и обработувана и од нашите демографи, не нуди соодветен и посестран одговор за проблемот на развитокот на населението. Таа развитокот на населението го следи преку неговото природно движење, односно преку соодносот на наталитетот и морталитетот, пред сѐ во врска со општествено-економските услови на општеството. Карактеристичен според оваа теорија е развитокот на населението преку три (или пет) етапи, од кои првата преттранзициона, се карактеризира со високи стапки на наталитетот и високи стапки на морталитетот при истовремено многу ниска стапка на природниот прираст. Втората етапа или транзициона е етапа со длабоки преобразби во поглед на морталитетот и наталитетот, а природниот прираст е различен во текот на етапата. Третата етапа, посттранзициона е карактеристична по ниските стапки на морталитетот и ниските стапки на наталитетот, со многу низок или дури нулти природен прираст.[7])

Процесот на демографската транзиција се врши под непосредното влијание на општествено-економскиот развој на општеството, што истовремено значи и нејзино предимство во споредба со другите теории, а и недостаток со оглед на нејзиното општото важење[8]). Имено, посебно намалувањето на стапките

---

[5]) Обрадовиќ д-р. Сава: Проблеми демографске транзиције у неразвијеним подручјима света, Становништво, бр. 1, 1967, 5.

[6]) Grebo d-r Zlata: Čovek, rađanje, društvo, Svjetlost, Sarajevo, 1975, 15.

[7]) Wertheimer — Baletić Alica: Demografija.... 111.

[8]) Обрадовиќ д-р Сава: Проблеми демографске транзиције у неразвијеним подручјима света, Становништво, бр. 1, 1967, 5-13.

Авторот ги наведува трите типа на демографската транзиција според Landry: Првиот тип опфаќа примитивни заедници во кои доминира биолошкиот принцип на размножување до крајната граница на расположливата количина на средствата за опстанок. Вториот тип претставува напредок во споредба со првиот. Населението расте во склад со средствата за опстанок водејќи сметка за начинот на животот и навиките во

на моралитетот не иде паралелно со економскиот развој, туку осетно опаѓаат поради други причини (напредок на медицината и фармакологијата, мрежа на здравствената заштита и сл.), а стапките на наталитетот опаѓаат доста побавно. Се поставува и прашањето дали и развитокот на населението во неразвиените земји може да се објасни со теоријата на демографската транзиција, бидејќи според неа сите сили треба да се насочат кон економскиот прогрес кој автоматски ќе го регулира развитокот на населението па според тоа се намалува потребата од свесното планирање на населението, што всушност значи имобилизација на популационата политика.

Марксистичкиот пристап на демографската теорија ѝ нуди нови хоризонти за објаснувањето на развитокот на населението, иако, проблемот на населението како што е веќе речено, не е поподробно испитан кај класиците на марксизмот. Во што тогаш се состои толкав нивен придонес? Секако не во готовите решенија што тие не ги понудиле, бидејќи сите нивни ставови во врска со населението се однесуваат на тогашните околности што и тие самите го подвлекуваат. Според тоа би било апсурдно да очекуваме кај нив да го најдеме објаснението за современата демографска ситуација но, се јавува потреба од марксистичкиот пристап кон изучувањето на развитокот на населението, заснован на нивната револуционерна теорија за општеството и дијалектичкиот метод.

Проблемите на населението Маркс ги обработува пред сè во рамките на целосното економско учење во делот од Капиталот под наслов: општиот закон на капиталистичката акумулација, под третиот поднаслов: Прогресивно производство на релативна пренаселеност или индустриска резервна армија[9]).

Во овој дел се докажува дека релативната пренесаленост на работничката класа е производ на акумулацијата на капиталот, а истовремено претставува неопходен услов за функционирањето на капиталистичкиот начин на производство. Така, според зборовите на Маркс „... Работничкото население со произведувањето на акумулација на капиталот самото ги произведува во сè поголем обем средствата што го прават самото него прекубројно. Тоа е законот за населението што му е својствен на капиталистичкиот начин на производство, како што навистина секој посебен исотриски начин на производство си има свој

---

потрошувачката. И третиот тип го претставува сегашниот, современ тип во кој населението се стреми не само да ја задржи својата ситуација туку да ја подобри, да се подигне на повисок општествен степен, што го менува и ставот на човекот спрема бројот на децата и големината на семејството. Тука се пристапува кон ограничувањето на раѓањата, не со одложувањето на бракот туку со абортус и контрацепција во самиот брак. Таа етапа според Landry е наречена „демографска револуција“.

[9]) Маркс Карл: Кафиталот I, Култура, Скопје, 1953, 509.

закон за населението со историска важност. Апстрактен закон за населението сушествува само за рестенијата и животните, доколку човекот не ја зафати историски и оваа област."[10])

Анализирајќи ги понатаму проблемите на капиталистичкото општество Маркс го насочува своето истражување на делувањето на капиталистичкиот систем врз движењето на населението и покажува дека населението не спаѓа во примарниот фактор на неговата структура и развој, туку токму капиталистичката структура и развој го определуваат развитокот на населението. А, бидејќи акумулацијата на капиталот е основен развоен фактор на капиталистичкиот начин на производство, Маркс населението не го разгледува како примарна демографска категорија, туку пред сè во неговата производна функција, како работна сила, како човечки материјал за експлоатација.[11])

Не проучувајќи ги другите општествено-економски формации Маркс не се впушта во барање на некаков општо важечки „природен" закон за населението, туку напротив, инсистирајќи на своето становиште тврди дека секој историски начин на производство има свои сопствени закони за населението. Со анализа на акумулација на капиталот тој го утврдува законот на населението, кој му е својствен на капиталистичкиот начин на производство. А, „На капиталистичкото производство никако не му е достатна количина на расположливата работна сила што ја дава природниот прираст на населението. Нему му треба за неговата слободна игра една индустриска резервна армија, независна од овие природни граници".[12]) Тука, објаснува Маркс, се работи за степенот на капиталистичката експлоатација на трудот на работникот, бидејќи променливиот капитал расте со поголема експлоатација на трудот. На тој начин, „големината на променливиот капитал станува показател за повеќе труд, но, не и за повеќе работници земени на работа".[13])

Маркс не негира дека променетите услови на работата и животот на работниците влијаат врз нивното демографско однесување. Но, исто така нема сомнение дека тој наемнината не ја смета за единствен показател за социјалната положба на работниците, бидејќи од големо значење покрај потрошувачката се и условите на работата и животот на работникот, неговата сигурност за вработување, заштита на работа и осигурување, станбените услови, професионалните болести и сл. Иако детално не го обработувал влијанието на економските фактори врз репродукцијата на населението, сепак со својата анализа ја докажува апсурдноста на сфаќањето дека работниците поради своето множење ја намалуваат наемнината, односно ја зголемуваат ако го намалуваат бројот на раѓањата. На тој начин не апсолу-

---

10) Истото, 511.
11) Wertheimer — Baletić Alica: Demografija . . ., 61.
12) Маркс Карл: Капиталот I . . . 514.
13) Исто, с. 514.

тизирајќи ги економските фактори Маркс го определува контекстот на изучувањето на демографските појави, не како изолирани природни феномени туку како составен дел на целокупниот општествен комплекс, кој пред сè е определен со материјалните услови на животот. А, бидејќи тие се променливи и населението и неговата репродукција не може да се испитува статички. Таквиот пристап не обврзува на примарноста на општествено-економските услови во развитокот на населението иако не им се одрекнува извесна самостојност на демографските движе-подолг временски период нивната условеност е очигледна. Но, сепак се поставува прашањето за разграничувањето на биолошкото и социјалното, како и на стихијното, и свесното во човековата репродукција.

Во горе изнесените ставови за влијанието на материјалните услови врз развитокот на населението имплицитно е содржан и ставот за соодносот на биолошкото и социјалното во репродукцијата на населението, како и за односот на стихијното и свесното во човековата репродукција, бидејќи таа не ги следи автоматски економските токови на развитокот. Основа за согледување повторно ни нуди ставот дека „Производство на животот, како сопствениот така и туѓиот, со помош на раѓање веднаш се јавува како двострук однос — од една страна, како природен, а од друга страна, како општествен однос — општествен во таа смисла што под тоа се подразбира заедничкото делување на повеќе индивидуи без оглед под какви услови, на кој начин и поради која цел . . .“[14])

Несомнено е дека самата репродукција на населението преку раѓање е биолошки чин, но не само биолошки, како што и човекот не е само биолошко туку и социјално суштество. Според тоа, човекот својата биолошка функција, одржувањето на сопствениот вид, не го врши на истиот начин, како и другите животински видови, бидејќи „апстрактниот закон за населението постои само за билки и животни, доколку човекот не интервенира во историската смисла“. А, како животните во најдобар случај само прибираат, дотогаш луѓето произведуваат, па според тоа, како што нагласува Енгелс, е невозможно секое механичко пренесување на законитостите од животот на животинските видови на човечкото општество.

---

[14]) Marks K. Engels F.: Njemačka ideologija, Rani radovi, Naprijed, Zagreb, 1967, 374 i

Енгелс Ф.: Порекло породице, приватне својине и државе, во К. Маркс — Ф. Енгелс: Изабрана дела II, Култура, Београд, 1950, 166. Во предговорот на првото издание Енгелс вели: „По материјалистичкото сфаќање, одлучувачки фактор во историјата е, во крајна линија, продукција и репродукција на непосредниот живот. Таа сама пак е од двострук карактер. Од една страна, производство на средствата за живот, предмети за исхрана, облекување, стан и за тоа потребно орадие: од друга страна, производство на самите луѓе, продолжување на видот.“ с. 167.

Човекот, како биолошко суштество, кое во својот развиток ги надминува другите биолошки видови претставува нов квалитет како социјално суштество, како „вкупност на општествените односи“. Во него е содржано биолошкото, но само во зависен однос. Биолошката репродукција на човекот не е само под влијание на своите биолошки законитости туку пред сѐ таа е условена со социјалните услови. Биолошката природа на човекот ги овозможува појавите на раѓање, умирање, но, тие се зависни од општетвените околности во кои се случуваат. Гледајќи во подолг временски период покрај биолошките особини на човекот (на пр., физиолошката способност за раѓање, фертилен период итн.) останале речиси непроменети и во тој поглед не постојат големи разлики меѓу различни популации. Разликите во ефективниот феритилитет се последица пред сѐ на различни социо-економски, културни и други услови. Односот на пригодното и социјалното не треба да се сфати механички како едноставно делување на општествените услови врз човековата репродукција, туку како дијалектичко единство на биолошкото и социјалното, кое не би било потполно, ако не се земе во обзир и улогата на свесното во репродукцијата на населението. Ако стихијното одговара на биолошката природа на човекот, тогаш свесното одговара на можноста и желбата на човекот за свесната интервенција во сопствената репродукција. Со внесувањето на овие аспекти во разгледувањето на човековата репродукција, проблемот се проширува во доменот на решавањето на популациските проблеми, во врска со планирање на семејството.

Маркс не се впуштал во прогнозирањето на развитокот на населението во социјализмот освен со основната поставка дека секој историски начин на производство има свој закон за населението. Нешто повеќе и поконкретно срекаваме кај Енгелс, кој во критиката на Малтусовата теорија вели; „Малтусовата теорија била нужна појдовна точка која нѐ повела бескрајно подалеку. Со помош на неа и со помош на економијата почнавме да ѝ обрнуваме внимание на производната сила на земјата и човештвото и по преовладувањето на економскиот песимизам засекогаш се ослободивме од стравот од пренаселеноста. Од неа црпиме значајни аргументи во прилог на социјалната преобразба, бидејќи и кога дури Малтус безусловно би бил во право, ќе беше неопходно веднаш да се преземе таа преобразба, бидејќи само тоа, просветеноста на масите, која според него е можна, го овозможува и она морално воздржување на инстинктот од размножување, кое самиот Малтус го смета за најлесно и најуспешно средство против населеноста“[15]).

[15]) Енгелс Ф.: Очерки критикиполитической економии, Москва, 1929, Цитирано според Macura — Sentić: Marksov prilog nauci o stanovništvu, Stanovništvo, br. 4, 1963, 421.

Енгелс, покрај тоа што се сомневал во можноста за голем броен пораст на населението сепак оставил отворена врата и на таква можност и кога размислува за неа вели: „Апстрактната можност за таквиот броен пораст на населението кој бара да му се поставаат граници, навистина постои. Но, ако би било, кога и да е, комунистичкото општество принудено да го регулира производството на луѓето, тогаш, тоа навистина ќе може да го стори без тешкотии, исто онака како што во тоа време ќе го регулира производството на стварите. Во таквото општество плански да се постигнат резултатите слични на оние кои се веќе постигнати стихијно, без план во Франција и долна Австрија, ми се чини дека не е нарочно тешка работа. Во секој случај, во комунистичкото општество луѓето сами ќе решаваат дали за таа цел треба да се преземаат мерки, како и какви. Не се сметам повикан во тој поглед да им предложам што и да е или да им давам совети“[16]).

Ставот на Енгелс, кој укажува дека класиците на марксизмот не биле против контрола на раѓањето во социјализмот. Но, како што укажуваат Мацура и Сентиќ, тие регулирањето на населението го сметале како елемент на прогрес и хуманост, која до полн израз може да дојде во социјалистичкото општество, иако стихијно може да се јавува и во рамките на капитализмот.

Во развиените земји дошло до опаѓање на природниот прираст и покрај интересите на капитализмот секогаш да располага со определен број на невработено население, „резервна армија“. Поради тоа се прифати општ политички став против секое ограничување на раѓањата со контрацепцијата или абортусот, кое и покрај тоа е присутно низ целата половина на минатиот и првата половина на овој век. А политичкиот став за заштита на основните капиталистички интереси се манифестира како борба против нечовечките „неомалтузијански“ методи.

Секуларниот тренд на опаѓањето на наталитетот не ја менува својата насока, бидејќи процесите на индустријализацијата и урбанизацијата и сите промени што ги носат со себе неминовно влиаат и врз намалувањето на родноста на населението. До опаѓањето на родноста во тие земји дојде паралелно поради намалувањето на учеството на земјоделското население со развитокот на индустријата, поради вработувањето на жените надвор од куќата, поради одвојувањето на брачните парови од големата семејна заедница, поради формирањето на нови мали семејства со променети сфаќања за вредноста и потребата на бројот на децата. Во урбаните услови дете престанува да биде од корист со неговата работа од малите години, како на село, трошоците за неговото издржување се зголемуваат, смртноста

---

16) Енгелсово писмо на Кауцки, од 1. II 1881 год., цитирано според Macura — Sentić: Marksov prilog nauci o stanovništvu, s. 421.

на доенчињата опаднала и голем број раѓања значи и многудетно семејство ,а тоа значи опаѓање на семениот стандард. Новите услови на вработување и живеење го менуваат и ставот спрема големината на семејството и токму тие — социјално-економски услови имаат примарно влијание пред културните (верските) и државно-политичките кои во сето ова време делуваат против ограничувањето на репродукцијата на населението.

Надминувањето на капиталистичката пренаселеност е можно со социјализмот кој ги ослободува производните сили и обезбедува такво производство на продукти што нема да има никаква оскудица. Таквиот став е проследен и со прогресивниот раст на населението во социјализмот, без страв за пренаселеност, што го застапувале некои советски демографи уште подолго по револуцијата.[17])

Ленин, современик на социјализмот иако многу се занимавал со проблемите на аграрната пренаселеност, не се занимавал пошироко со проблемите на развитокот на населението во демографска смисла. Позната е и значајна за популационата политика неговата реакција против пропагирањето, дека ограничувањето на бројот на децата само по себе ќе ја реши материјалната положба на работничката класа, изнесувајќи го својот став, дека контролата на раѓањата не е исклучив пат за решавањето на социјалното прашање.

Следењето на развитокот на населението во СЗ укажува на сѐ поголемо диференцирање народноста на населението и присутноста на секуларниот тренд е забележлива првин во поразвиените републики, а потоа и во понеразвиените со несловенско население. Во другите социјалистички земји за состојбата со населението се присутни речиси сите етапи ако се послужиме со квантитативниот приказ на соодносот на наталитетот и морталитетот според демографската транзиција. Според тоа, сега за сега не би можеле да зборуваме за социјалистичкиот закон на населението, бидејќи и социјализмот како преоден период или преодна општествено-економска формација е полн со спротивности кои токму во рамките на него се разрешуваат, а истовремено конкретната состојба не е испитана во таа мера, да би овозможила утврдување на законитости па според тоа и во теоријата за населението постојат празнини во тој поглед.

Од сфаќањето на класиците на марксизмот како и од сфаќањето на современите демографи не само марксистички ориентирани произлегува несомнен став за доминантната улога на

---

[17]) Krašovec Stane: Razvitak marksističkog pristupa..., 73.

социјално-економските услови во развитокот на населението, врзани посебно за процесите на индустријализација и урбанизација кои предизвикуваат радикален пресврт во традиционалниот живот и свеста на луѓето со низа социолошки и психолошки промени.

Марксистичкиот пристап за изучувањето на населението предвидува анализа на демографските феномени во рамките на општествено-економска формација и во рамките на конкретните општества, заради специфичните социо-економски, политички и културни услови и на групно и индивидуално ниво во сета нивна комплексност и поврзаност. Само врз основа на утврдените законормерности може да се предвиди и начинот на решавањето на популациските проблеми, кое во самоуправното социјалистичко општество експлицитно го подразбира хумаинстичкиот начин што е содржан и во уставното начело како право на човекот самостојно и слободно да одлучува за сопствената репродукција. Се поставува прашање за соодносот на општиот општествен интерес и групен односно индивидуален интерес во доменот на репродукцијата од една страна, и од друга страна, прашањето: колку човекот во определени социјални услови, во стегите на традиционалното сфаќање за семејството и бракот, за положбата на жената во општеството кое доминира сè уште во определени средини, и недостаток на развиеноста на општествените институции за помош на семејството на вработените жени, го овозможува реализирањето на тоа право? Таквите услови имаат за резултат стихијно однесување во репродукцијата на населението или пак зголемено ограничување на раѓањата. Во врска со тоа треба да се испита интензитетот на влијанието на културно-психолошките фактори и нивното непосредно влијание врз репродукцијата на населението.

Од ставовите на класиците на марксизмот се гледа дека тие перманентниот раст на населението во социјализмот или комунизмот не го сметале за нивна цел. Бројниот раст на населението му е иманентен на капиталистичкиот начин на производство и според тоа е класно условен. Исто така тој е цел на капитализмот, а не на социјализмот или комунизмот безграничниот стремеж кон развитокот на производните сили не поради потребите на населението туку поради профитот. Цел на социјалистичкото или комунистичкото општество треба да е не производство поради производство туку производство поради потребите на луѓето. Таквиот идеал го претпоставува квалитетот на животот над квантитетот, а тоа значи и претпоставување на повисоките културни цели над надворешното материјално богатство. Реализирањето на таквите цели ќе биде можно само во

рамките на социјалистичкото односно комунистичкото општество, а ќе можат да го поведат само мали самоуправни заедници во светските рамки.[18])

Иако класиците на марксизмот не се занимавале посебно со демографските проблеми, тие дале посебно значаен придонес кон изучувањето и сфаќањето на проблемите во врска со населението, не само со деловите од нивните трудови во кои директно зборуваат за населението. Тие големиот придонес го даваат со целокупната општа социолошка теорија, со „нов и сестран и заокружен поглед на свет и живот, со материјалистичко-диалектично сфаќање на општеството и природата, со односот меѓу човекот и природата, меѓу репродукцијата на луѓето и материјалните добра; тие посебно — во Германската идеологија и во предговорот на потеклото на семејството — ја нагласиле взаемната врска меѓу производството (економско) со пораст на населението и улогата на демографскиот фактор (наспроти на чистото подредување на репродукцијата на населението на економската репродукција)“.[19])

Amalia JOVANOVICH

## MARX'S VIEW ON THE RISE OF POPULATION

During the classical period of Marxist writings the science of population studies had not been estalished, but this does not reduce the value of the contribution given in them to the explanation of rise of population. Though the problem was treated partially, in certain parts of the works, particularly when they dealt with the economic aspect of the conditions of capitalism, their contribution towards the problem of population is of revolutionary importance from ideological, theoretical, and methodological points of view. Marx rejects the „natural law" of Malthus with the claim that all social laws are historical i.e. they are dependent on changes in the economic condition.

The historical-materialist and dialectical understanding of nature and society, the relation between man and nature, the rela-

[18]) Со проблемите на создавањето на стабилно општество и за односите и взаемни врски меѓу човекот и природата, пошироко: Supek Rudi: Ova jedina zemlja, Naprijed, Zagreb, 1973, Četvrti del, 195

Супек Руди: Марксов натурализам, проблем стабилног друштва и свјетски социјализам, Зборник на трудови од Советувањето „Изградња друштвених ставова о популационој политици у Југославији, Савезна Конференција ССРНЈ, Београд 1975, 28-54.

[19]) Цитирано од: Крашовец Стане: Развитак марксистичког приступа теорији и политици становништва, Зборник на трудови од Советувањето „Изградња друштвених ставова о популационој политици у Југославији“, Савезна конференција ССРНЈ, Београд, 1975, 17—27.

tion between the reproduction of material goods and human reproduction provide the necessary materials for a further understanding of the Marxist analysis of the problem of demograph.

When anlysing the socio-economic system under capitalism Marx placed an emphasis on the „capitalistic law of population" which is typical of the capitalist mode of production, and furthermore emphasized that every historical form of production had its own law of population. Theorefore, an analysis os a concrete society, of its economic, class, and social structure, within which the demographic processes develop, are required. These demographic processes result from the complex influences of the socioeconoamic and other social conditions on the reproduction of population, their dialectical unity, and on their reciprical influences on the change of those social, economic and other coditions with particular emphasis on the economic conditions in the „final phase"